26240

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ
24. III. 1980, 1308,16,

• Изложба

# ДИНАМИЧНИ ПРЕОБРАЗБИ

Со претставувањето на една целосна изложба на цртежи на сликарот Илија Пенушлиски, имавме можност да допреме една значајна пропорција на творечкото експонирање преку најстарите визии за светот, трансформиран преку цртањето.

Од цртежите на Илија Пенушлиски избива немирна и невидлива енергија. Негово основно концентрирање е дереализација, од реалната во иреална сфера, преку две карактеристични точки на црно-белиот судир. Тој му се спротивставува на стариот начин на ликовно егзалтирање и внесува една свежа, модерна конструкција. Во неговите цртежи има динамички преобразби и потези, од каде избива особен импулс. Неговата материја е чисто субјективно поврзана за претставите, преку светлоста и темнината од апстрактно преку неговата конструктивна концепција, за појавното, од една страна и за аморфното и медиевално разоткривање на новите и невидливите димензии во просторот.

Во цртежите на Илија Пенушлиски: „Цртеж I", „Цртеж II", можеме асоцијативното ткиво да го доближиме до сликата на Марк Шагал „Порта на Гробјето", тоа е во брзите судири на линиите во внатрешноста на просторот.

Илија Пенушлиски, негува збиени облици, од кои избива егзалтирана природа на чистата еманација на духот. Во цртежот внесува магијски елементи на што му се придава мистичното значење на толкувањето, во кое се чувствува прекршување и судир на зраците. А во внатрешноста пулсираат подзатскриени геометриски облици и предмети, чие значење е во високо развиеното чувство за транспортирање на цртежот.

Оттаму, се надеваме дека после едно вакво успешно претставување со своите цртежи, Илија Пенушлиски и понатаму ќе и остане доследен на оваа гранка на ликовното експонирање и ќе ни се претставува со нови изложби на „Цртежи".

■ мирче нешовски
(Самостојна изложба „Цртежи" на Илија Пенушлиски, Изложбениот салон при Трговскиот центар, Скопје)